Врз основа на член 78 од Изборниот законик („Службен весник на РМ “ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 63/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16) и член 50, став 1, точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10 и 3/11), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 31.08.2017 година донесе,

**О Д Л У К А**

**За утврдување на места на кои е дозволено да се истакнуваат изборни плакати со обезбедени еднакви услови за сите организатори на изборната кампања учесници во локалните избори во 2017 година**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат места на кои е дозволено да се истакнуваат изборни плакати во Општина Ранковце.

Член 2

Изборни плакати може да се поставуваат на автобуските постројки поставени долж магистралниот пат А2, на потпорниот зид на улица 3 над Амбуланта во с. Ранковце, на столбовите од електричната мрежа, на столбовите за јавно осветлување на целата територија на Општина Ранковце.

Член 3

Утврдените локации за истакнување на изборни плакати се без надомест.

Член 4

Организаторот на изборната кампања е должен во рок од 30 дена по завршувањето на изборите да го отстрани сметот од плакатите.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр. 09-527/4
31.08.2017 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Тони Ангеловски